Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис.

Арх.бр. УП1-15 726/2024

Дата 05-04-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Штип се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип.**

Вкупната должина на трасата на новопланираниот водовод и канализација за нова населба по ЛУПД за БАБИ ќе изнесува околу 1,4 km. Должината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 0,25 km.

Останатиот дел од трасата навлегува во опфат на издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр.:

-Y04013-ГУП за град Штип, Општина Штип;

-Y21023-со намена водови за пренос на електрична енергија, за поставување на подземен 10(20) kV вод, КО Штип2, КО Штип вон град, КО Караорман вон град, Општина Штип;

-Y10316-ЛУПД за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи, КП 283, КП 275, КП 282, КП 276, КП 277, КП 278, КП 279 и дел КП 258/1, КО Штип вон град. реон, Општина Штип.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y32023** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Условите за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. Трасата на фекалната канализациона мрежа и водоводна мрежа минува низ поширокота или III (трета) заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) на експлоатацуони бунари "Фортуна", Штипско Езеро" и "АРМ" од каде се водоснабдува градот Штип. При реализација на проектот да се почитува режимот на заштита во заштитените зони на бунарите дефинирани со "Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење".

6. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Штип, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 53136 од 15.06.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа за нова населба по ЛУПД за БАБИ, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип. Вкупната должина на трасата на новопланираниот водовод и канализација ќе изнесува околу 1,4 km, должина на траса за која се бараат Услови за планирање на просторот изнесува 0,25 km.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 726/2024 од 29.03.2024 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа, КО Штип 2 и КО Штип вон град, Општина Штип,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk